**20160180546**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 53 став (7) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15 и 192/15), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ОБУЧУВАЧ НА МЕДИЈАТОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на лиценцата за обучувач на медијатори.

Член 2

Лиценцата за обучувач на медијатори се издава на образец на бела кунздрук хартија во А-4 формат.

Образецот на лиценцата од став 1 на овој член содржи: во горниот средишен дел е отпечатен грбот на Република Македонија, а под него е испишан текстот: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДБОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА, законскиот основ за издавање на лиценцата; назив на лиценцата „ЛИЦЕНЦА ЗА ОБУЧУВАЧ НА МЕДИЈАТОРИ“; податоци за името, татково име и презиме, датум на раѓање, место и држава, на лицето кое ги исполнува условите за обучувач на медијатори согласно Законот за медијација; број на лиценцата со датум и место на издавање; место за потпис на Претседателот на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата и место за печат.

Образецот на лиценцата од став 1 на овој член е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-115/3
29 јануари 2016 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.

Образец

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ
НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА

Врз основа на член 59 став (1) точка г) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15 и 192/15), Одбор за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, издава:

# Л И Ц Е Н Ц А
## ЗА
## О Б У Ч У В А Ч  Н А  М Е Д И Ј А Т О Р И

На ______________________________ роден-а на ____________ ______ година во ____________________,
(име, татково име и презиме) (датум на раѓање) (место и држава)

кој/а ги исполнува условите за обучувач на медијатори согласно Законот за медијација .

Број____________
Датум___________
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
____________________
(потпис и печат)